**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕКТОРОТ НА МСП ЗА 2007 ГОДИНА

**Министерство за економија- Одделение за МСП**
**Јуриј Гагарин број.23**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Ноември 2008**
Авторските права на овој извештај ги задржува Министерството за економија
Барањата за користење на овој документ во целост или на делови од истиот се доставуваат до Министерството за економија - Секторот за претприемништво и конкурентност

# Содржина

# Листа на табели и графикони

Табела 1-1 Основни макроекономски показатели 11
Табела 1-2 Бруто вредност на производството по сектори 13
Табела 1-3 Бруто вредност на производството по вид на претпријатија 15
Табела 1-4 Бруто додадената вредност по сектори 16
Табела 1-5 Бруто додадената вредност по вид на претпријатија 17
Табела 2-1. Класификација на претпријатијата 20
Табела 2-2 Занаетчии по градови 22
Табела 2-3 Трговец поединец по градови 24
Табела 3-1 Број на активни претпријатија по сектори 25
Графикон 3-1 Процентуално учество на активните претпријатија во 2007 26
Слика 3-2 Број на активни МСП по сектори (2005-2007) 28
Табела 3-2 Број на ново регистрирани претпријатија преку едно-шалтерскиот систем (2006-2007) 28
Табела 3-3. Споредба на бројот на мали активни претпријатија по години 29
Табела 3-4 Број на активни претпријатија по градови 30
Табела 3-4 Вид на сопственост на претпријатијата 32
Табела 3-5 Број на неактивни претпријатија по сектори 32
Табела 4-1 Земји во кои македонските претпријатија извезуваат 34
Табела 4-2 Увоз во Република Македонија 36
Графикон 5-1 Процентуална распределба на вработените по претпријатија во 2007 38
Табела 5-1 Број на вработени по сектори на економска активност 39
Табела 5-2 Број на претпријатија според вид на сопственост во 2007 година 40
Графикон 5-2 Вработени во МСП според видот на сопственост на претпријатијата во 2007 година 41
Графикон 5-3 Број на невработени лица по пол во Република Македонија 44
Табела 5-3 Број на невработени лица според нивната возраст 43
Табела 6-1 Добивката и загубата остварена кај претпријатијата 44
Табела 6-2 Вредноста на активата и пасивата 45

# Кратенки

| | |
|---|---|
| SSA - | Spogodba za asocijacija i stabilizacija |
| BRU - | Biznis Razvojni Uslugi |
| CR - | Centralen registar |
| EBRD - | Evropska banka za Obnova i razvoj |
| EU - | Evropska unija |
| FIAS - | Sovetodavni uslugi za stranski investicii |
| BDP - | Bruto doma{en proizvod |
| BP - | Bruto proizvod |
| BIS - | Biro za intelektualna sopstvenost |
| MBPR - | Makedonska Banka za poddr{ka na razvojot |
| ME - | Ministerstvo za ekonomija |
| MF - | Ministerstvo za finansii |
| MTSP - | Ministerstvo za trud i socijalna politika |
| NACE - | Op{ta industriska klasifikacija na ekonomskite aktivnosti vo EU |
| OECD - | Organizacija za ekonomska sorabotka i razvoj |
| UJP - | Uprava za javni prihodi |
| JIE - | Jugo-isto~na Evropa |
| MSP - | Mali i sredni pretprijatija |
| DZS - | Dr`aven zavod za statistika |
| DV - | Dodadena vrednost |
| DDV - | Danok na dodadena vrednost |
| RM - | Republika Makedonija |
| APPRM - | Agencija za poddr{ka na pretpriemni{tvoto на RM |
| MMF - | Me\|unaroden monetaren fond |
| STO - | Svetska trgovska organizacija |
| MKD - | Makedonski denari |

# Вовед

Опсерваторијата за мали и средни претпријатија (МСП) во Република Македонија започна со своите активности во 2004 година како резултат на посветеноста на Владата да го поддржи понатамошниот развој на МСП и да ја прилагоди својата политика на практиките на Европската Унија (ЕУ). Главна цел на Опсерваторијата е да создаде одржлив механизам за следење, анализирање и споредување на улогата и активностите на МСП во Република Македонија со другите земји.

Опсерваторијата ги прибира и анализира податоците и секоја година подготвува годишен извештај кој ја опишува состојбата и растот на МСП споредено со претходната година. Методологијата која се користи при обработката на податоците како и при подготовката на годишниот извештај соодветствува на Европската опсерваторија за МСП.

Во моментов, главен извор на информации на Опсерваторијата за МСП е дата базата на Централниот регистар на Република Македонија, која се подготвува на основа на финансиските извештаи на претпријатијата. Освен оваа институција, Опсерваторијата исто така соработува и со Државниот завод за статистика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за економија, Министерството за финансии, комерцијалните банки, проектите финансирани од донатори и други релевантни институции кои имаат информации за МСП и кои можат да придонесат во пишувањето на овој извештај.

Понатамошната посветеност на Опсерваторијата за МСП е да започне со прибирање на податоци директно од претпријатијата. Ова ќе се направи на основа на анкета на примерок која ќе се спроведе меѓу претприемачите.

# Хронологија

| Година | Основни фактори кои што влијаат на бизнис опкружувањето и претприемништвото |
|---|---|
| **1991** | § Независност. Македонија објави независност од Југославија и се одвои од истата, единствена република која го стори тоа по мирен пат |
| **1992** | § Економска криза. Инфлација 1 780 % |
| **1993** | § Членство во ООН<br>§ Формирана нова Влада, со учество на албанска партија<br>§ Пад во економијата |
| **1994** | § Попис на населението<br>§ Започнување на процесот на приватизација<br>§ Воведување на Програмата на ММФ за подобрување на макроекономската стабилност |
| **1995** | § Трговско ембарго од Грција<br>§ Санкции од ООН |
| **1996** | § Донесен е Закон за трговски друштва |
| **1997** | § Девалвација на денарот |
| **1998** | § Донесен Закон за занаетчиство<br>§ Стратегија за привлекивање СДИ<br>§ Развој на финансискиот пазар<br>§ Раст на реален БДП од 3.4%<br>§ Извозот за прв пат од стекнувањето независност го надминува увозот, а странските инвестиции го надминаа износот на сите досегашни СДИ |
| **1999** | § Кризата во Косово предизвика прелевање на 360 000 жители од Косово<br>§ Пораст на тензии |

| | |
|---|---|
| **2000** | § Донесен е Закон за додадена вредност<br>§ Раст на реалниот БДП од 4.6%, со што се заокружи годишната континуирана економска експанзија<br>§ Царинското законодавство стапува на сила со што се обезбедува усогласување со стандардите на Европската унија |
| **2001** | § Безбедноста криза во државата. Конфликтот се иницирање во селото Танушевци на 18 Февруари<br>§ Потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и Спогодбата за демилитаризација<br>§ Потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација<br>§ Годишен пораст на БДП од -4.5% |
| **2002** | § Попис на населението<br>§ Парламентарни избори<br>§ Измени на Законот за трговски друштва. Измените се однесуваа на процесот на регистрација на претприајтијата и измена на дефиницијата за правата И обврските на управителите И акционерите.<br>§ Парламентот ја усвои "Е-Декларацијата" - заложба на Владата за забрзување на електронкста трговија<br>§ Владата ја донесува националната стратегија за МСП<br>§ Донесен е Закон за банки за микрофинансирање<br>§ Годишен пораст на БДП од 0.9% |
| **2003** | § Република Македонија станува членка на Европската повелба за мали претпријатија<br>§ Република Македонија станува членка на СТО<br>§ Усвоен е Закон за Агенција за поддршка на претприемништво<br>§ Потпишување на **Станд-бѕ** аранжман со ММФ<br>§ Намалување на данокот за ДДВ од 19% на 18%<br>§ Усвојување на Законот за поттикнување на вработувањето<br>§ Усвојување на Законот за државна помош. Поддршка ќе им биде доделена на МСП за договарање на консултантски услуги и обука за подобрување на нивното работење.<br>§ Годишен пораст на БДП од 2.8% |

| | |
|---|---|
| **2004** | § Донесен е нов Закон за тровски друштва<br>§ Донесен нов Закон за трговија<br>§ Донесен нов Закон за вршење на занаетчиска дејност<br>§ Склучени неколку билатерални договори за слободна трговија со неколку земји<br>§ Целосна имплементација на Законот за перење пари<br>§ Екипирање на финансиската полиција<br>§ Преговори за нов аранжман со ММФ<br>§ Годишен пораст на БДП од 2.9%<br>§ 1 ЕУР = 61.5 МКД |
| **2005** | § Република Македонија се стекна со статус на земја кандидат за членство во ЕУ<br>§ Формиран е Европскиот информативен кореспондентен центар<br>§ Се реализираше ваучер шемата за давање на консултантки услуги во два пилот региони- Скопје и Струмица<br>§ Се формираше форум за МСП<br>§ Се усвои правна рамка за формирање на Гарантен фонд<br>§ Се направија преговори за нов аранжман со ММФ<br>§ БДП порасна за 3,8%<br>§ 1 ЕУР=61,5 МКД |
| **2006** | § Воспоставен е едно-шалтерски систем за регистрација на компаниите<br>§ Усвоена е нова верзија на Стратегијата за МСП<br>§ Усвоена е 4 годишна програма за МСП<br>§ Намелени се каматните стапки<br>§ Намалена е стапката за данок на добивка и персонален данок на 12% ( рамен данок)<br>§ 1ЕУР=61,2 МКД |

| | |
|---|---|
| **2007** | § РМ се рангираше на 4-то место како земја реформатор според Извештајот за деловно работење ( на Светската банка)<br>§ РМ се рангираше на 84 место во поглед на борба против корупцијата според организацијата за меѓународна транспарентност<br>§ Намалена е стапката за данок на добивка и персонален данок на 10% ( рамен данок)<br>§ БДП порасна за 5,1%<br>§ 1ЕУР=61,2 МКД |

# 1. Макроекономска состојба

## 1.1. Макроекономско опкружување во Република Македонија

За Република Македонија, 2007-та година беше најуспешна економска година во изминатите 17 години на независност. Потврда на интензивните реформи во Република Македонија, претставува извештајот Водење на бизнис 2008, публикуван од страна на Светска Банка и Меѓународниот монетарен Фонд (ММФ), според кој Република Македонија, во конкуренција на 179 држави, се позиционираше на четвртото место во рамките на десетте најголеми реформатори за 2006/2007 во областа на економијата. Овој скок се должи на прогресот кој Република Македонија го направи со намалување на времето потребно за започнување на бизнис, особено со реформите во областа на даноците кои се намалија и со изедначувањето на стапките за персонален данок (од 15%, 18% и 24 % на 10%) и на данокот на задршка (од 15 на 10%). Ова придонесе кон создавање на транспарентни и ефикасни административни постапки, едноставна и лесна пресметка на даноците и пополнување на даночните пријави. Клучните макроекономски показатели се презентирани во табелата 1.1:

**Табела 1-1 Основни макроекономски показатели**

| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *(%)* | | | | | | | |
| *Реален сектор* | | | | | | | |
| Реален раст на БДП | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5,1 |
| Индустриско производство | -3,1 | -5,3 | 4,5 | -2,1 | 7,0 | 2,6 | 3,7 |
| Инфлација ( просек на трошоци за живеење) | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 |
| Пораст на вработеноста | 9,0 | -6,3 | -2,9 | -4,1 | 4,3 | 4,6 | 4,0 |
| Стапка на невработеност ( според дефиниција на ИЛО) | 30,5 | 31,9 | 36,7 | 37,2 | 37,3 | 36,0 | 34,5 |
| Трговски биланс (% од БДП) | -15,3 | -21,3 | -18,4 | -21,2 | -18,3 | -20,3 | -21,4 |
| Јавен долг (ГФС методологија) | 55,5 | 48,6 | 44,9 | 42,6 | 46,9 | 40,4 | 35,2 |
| *Надворешен сектор Тековни цени во УСА долари* | | | | | | | |
| Бруто домашен производ ( мил) номинална | 3 437 | 3 769 | 4 631 | 5 368 | 5 815 | 6 345 | 7 587 |
| Бруто домашен производ по жител | 1 689 | 1 866 | 2 285 | 2 642 | 2 855 | 3 106 | 3 706 |
| Извоз ( милиони) | 1 155 | 1 113 | 1 363 | 1 675 | 2 041 | 2 396 | 3 349 |
| Увоз (милиони) | 1 682 | 1 917 | 2 214 | 2 814 | 3 104 | 3 681 | 4 976 |
| Трговски биланс (милиони) | -526 | -804 | -851 | -1 139 | -1 063 | -1 285 | -1 627 |
| Странски директни инвестиции (милиони) | 446 | 105 | 117 | 322 | 94 | 424 | 321 |
| *Работна сила* | | | | | | | |
| Број на невработени | 360 340 | 374 144 | 390 361 | 391 072 | 359 989 | 321 274 | 316 905 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на вработени | 599 308 | 561 341 | 545 108 | 522 994 | 555 938 | 570 404 | 590 234 |

Извор: Министерство за финансии

Економските резултати во Република Македонија во 2007 година се најдобри за целиот период на транзиција, со позитивни движења во речиси сите сектори на економијата. Ова претставува на некој начин и признавање на успешната примена на економските реформи, поддржана од страна на дисциплинирана фискална политика и конзистентна монетарна политика.

Стапката на раст на БДП во 2007 година е 5,1%, истовремено многу е значајно да се напомене дека растот бил сеопфатен т.е. раст е забележан во сите производни сектори.

Просечната стапка на инфлацијата во 2007 година беше ниска и претставуваше 2,3% , што е во рамките на границите на ниска инфлација и блиска на онаа на Евро зоната. Сепак, во последното тромесечје на 2007 година, во согласност со регионалните и светските трендови, стапката на инфлација покажа поинтензивно искачување, воглавно поради порастот на цените на основните производи.

Растот во реалниот сектор исто така укажува на надворешниот сектор, каде што порастот на вредноста на извозот во 2007 година е 39,8%, кој континуирано укажува на благо реално намалување на трговскиот дефицит. Исто како и во реалниот сектор, постигнат е и пораст во надворешниот сектор во речиси сите сегменти.

Позитивните економски движења беа поддржани со силен пораст во увозот на индустриски производи и полупроизводи со околу 33,5%, што укажува на пораст во производството и инвестициската активност во земјата.

Ефектите од интензивната економска активност исто така започнаа да се чувствуваат и во социјалната сфера. Бројот на невработени лица регистриран во Агенцијата за вработување кон крајот на 2007 година беше 357 166 лица, што претставува намалување од 2,5% споредено со бројот од 2006 година. Во исто време, се оствари и номинален пораст на просечната плата од 7,9%, како и

реален пораст од 5,5% кој резултираше во пораст на куповната моќ на граѓаните, т.е. личната потрошувачка, со висок позитивно влијание на порастот на БДП.

Трендот на постепено стегање на каматните маржи на банките, и во исто време релаксацијата на не каматните услови кои тие ги нудеа , водеше кон олеснување на пристапот до неопходните средства во секторот на корпорациите.

Фискалната политика во 2007 година беше ажурна, во согласност со договорените аранжмани со ММФ. Значајно е да се каже дека во 2007 година се превземаа значајни фискални реформи и дека се воведе единствена даночна стапка од 10% за персоналниот данок и за данокот од добивка, со тоа што постои една транзициона стапка од 12% во 2007 година, се изврши намалување на данокот на додадена вредност ( ДДВ) за земјоделските производи од 18% на 5%, а потоа во текот на вториот семестар на 2007-та година и на некои дополнителни производи, како медицинските инструменти и лековите, компјутерите и компјутерската опрема, соларните колектори и јавниот транспорт.

### 1.1. Бруто вредност на производството според основни цени

Бруто вредноста на производството (БВП) претставува вредност на произведените стоки и извршените услуги во текот на годината , без притоа да се земе во предвид дали истите се целосно продадени или дел од нив се ставени на залиха[1]. Вредноста на производството се состои од три вида на производи: производи за пазарот, производи за сопствена финално користење и непазарни производи.

**Табела 1-2 Бруто вредност на производството по сектори**

*(Основни цени , милиони денари)*

| | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор | мали | средни | мали | средни | мали | средни | мали | средни | мали | средни |
| Земјоделство , лов и шумарство | 44 156 | 1 645 | 53 576 | 2 693 | 55 991 | 2 308 | 57 717 | 2 745 | 61 872 | 3 581 |
| Рибарство | 93 | 2 | 76 | – | 56 | – | 76 | - | 108 | - |
| Рударство | 768 | 242 | 814 | 493 | 894 | 452 | 1 849 | 331 | 928 | 2 224 |
| Производство | 34 100 | 12 431 | 33 766 | 21 097 | 37 603 | 25 640 | 37 928 | 24 527 | 43 553 | 25 906 |
| Електрична енергија, гас и вода | 606 | 2 109 | 485 | 1 557 | 476 | 1 363 | 541 | 1 442 | 620 | 2 354 |
| Градежништво | 19 840 | 5 268 | 23 102 | 9 073 | 27 409 | 12 655 | 29 632 | 3 735 | 34 420 | 5 177 |
| Продажба на големо и малопродажба | 32 480 | 5 841 | 32 494 | 7 166 | 41 069 | 9 552 | 43 189 | 10 796 | 47 035 | 13 685 |

[1] Бруто домашен производ, 3.4.6.01/525. Државен завод за статистика, Скопје 2008

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хотели и ресторани | 4 791 | 691 | 4 711 | 1 649 | 5 364 | 1 131 | 5 338 | 1 331 | 6 199 | 1 320 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 12 808 | 1 506 | 13 245 | 16 728 | 15 751 | 15 608 | 20 570 | 3 657 | 23 693 | 3 439 |
| Финансиско посредување | 401 | − | 464 | 16 | 502 | 116 | 479 | 65 | 1 123 | 6 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 12 806 | 547 | 12 458 | 2 174 | 13 855 | 2 814 | 13 433 | 1 695 | 15 743 | 1 834 |
| Јавна администрација и одбрана | 411 | − | 9 012 | 8 106 | 3 920 | 14 633 | 8 292 | 4 352 | 9 469 | 4 559 |
| Образование | 8 634 | 2 207 | 11 056 | 685 | 10 218 | 2 333 | 11 552 | 2 039 | 12 466 | 2 263 |
| Здравство и социјална работа | 5 490 | 4 515 | 4 503 | 4 964 | 4 111 | 5 946 | 8 381 | 2 750 | 10 419 | 2 319 |
| Општествени и лични услуги | 6 700 | 1 528 | 6 606 | 1 489 | 6 862 | 2 138 | 7 410 | 2 121 | 8 587 | 2 560 |
| Вкупно | 184 084 | 38 532 | 206 368 | 77 890 | 224 081 | 96 689 | 246 387 | 61 586 | 276 235 | 71 227 |

Извор: Државен завод за статистика

Табелата 1.2. го преставува БВП на малите и средни претпријатија (МСП) по сектори за период од 2002 до 2006 година. Малите претпријатија од секторот на земјоделството, ловот и шумарството покажуваат најголемо учество во БВП. Во 2006 година, БВП во тој посебен сектор изнесуваше 61 872 милиони денари, што преставува зголемување од 40,12% споредено со вредноста остварена во 2002 година и пораст од 7,20% во однос на вредноста создадена во 2005 година. Во 2006 година, секторот на земјоделството, ловот и шумарството остварил 22,40% од вкупната вредност на БВП на мали претпријатија (276,235 милиони МКД) . Покрај овој сектор, други сектори кои имале значајно учество[2] во БВП беа: продажбата на големо и малопродажбата (17,03%), производството (15,77%) и градежништвото (12,46%).

Во 2006 година, средните претпријатија во секторот на производство придонесоа најмногу во БВП со вредност која достигна 25 906 милиони МКД (или 26,37% од вкупната вредноста на БВП на средните претпријатија). Ова одговара на пораст од само 5,62% во однос на 2005 година. Освен овој сектор, во 2006 година друг значаен сектор[3] беше и продажбата на големо и малопродажбата (19,21%).

Порастот на БВП кај МСП, во различни сектори во текот на годините покажува на константен позитивен тренд. Овие сектори се земјоделие, лов и шумарство, рударство, производство, транспорт, складирање и комуникации и недвижности, изнајмување и деловни активности.

[2] Повеќе од 10% учество во вкупната вредност на БВП
[3] Повеќе од 10% учество во вкупната вредност на БВП

**Табела 1-3 Бруто вредност на производството по вид на претпријатија**

| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|
| *(Основни цени , милиони денари)* | | | | | |
| Мали | 184 084 | 206 368 | 224 081 | 246 387 | 276 235 |
| Средни | 38 532 | 77 890 | 96 689 | 61 586 | 71 227 |
| Големи | 193 018 | 146 809 | 147 653 | 197 391 | 220 095 |
| Вкупно | 415 634 | 431 067 | 468 423 | 505 364 | 567 557 |
| *(%)* | | | | | |
| Мали | 44,29 | 47,87 | 47,84 | 48,75 | 48,67 |
| Средни | 9,27 | 18,07 | 20,64 | 12,19 | 12,55 |
| Големи | 46,44 | 34,06 | 31,52 | 39,06 | 38.78 |
| Вкупно | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 |

Извор: Државен завод за статистика

Во 2006 година, вкупната вредност на БВП во економијата достигна 567 557 милион МКД, што претставува пораст од 36.55% споредено со 2002 и 12,31% споредено со 2005 година. Од горенаведената табела може да се каже дека во текот на целокупниот период (2002-2006), вредноста на БВП порасна. Во зависност од периодот, во некои години порастот беше поголем од претходната година, или спротивно, но во секој случај генерално земено секогаш имаше пораст. Сепак, ова не е случај за одредена група на претпријатија. На пример. Во 2003 година вредноста на БВП кај големите претпријатија се соочи со опаѓање од 31,48%, споредено со 2002 година (или 46 289 милиони МКД). Слична состојба може да се констатира и за средните претпријатија во 2005 година, со намалување на вредноста на БВП од 57,00% (или 35 103 милиони МКД).

Учеството на МСП во БВП не одеше по континуирана нагорна линија во периодот од 2002 до 2006 година. Може да се види константен пораст се до 2004 година, кога учеството на секторот на МСП во вредноста на БВП беше 68,48%. Сепак, во наредните години поради големиот пад учеството на средните претпријатија во вредноста на БВП, учеството на МСП во вкупната вредност исто така се намали. Во 2006 година, таа беше 61,22% , многу слична со учеството во 2005 година (60,94%).

## 1.2. Бруто додадена вредност по основни цени

Бруто додадената вредност (БДВ) е индикатор на економскиот просперитет на земјата. БДВ го мери учеството на секој производител, сектор или индустрија. Обично, додадената вредност по основни цени претставува баланс помеѓу бруто производот и меѓу-фазната потрошувачка. Тоа е основа категорија на БДВ[4].

**Табела 1-4 Бруто додадената вредност по сектори**

*(Основни цени , милиони денари)*

| Сектор | 2002 мали | 2002 средни | 2003 мали | 2003 средни | 2004 мали | 2004 средни | 2005 мали | 2005 средни | 2006 мали | 2006 средни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство , лов и шумарство | 22 256 | 738 | 26 954 | 633 | 28 303 | 394 | 29 190 | 881 | 31 200 | 1 200 |
| Рибарство | 48 | 0 | 27 | − | 21 | − | 28 | 0 | 47 | 0 |
| Рударство | 257 | 38 | 277 | 179 | 317 | 175 | 745 | 157 | 265 | 883 |
| Производство | 15 061 | 4 223 | 15 074 | 7 168 | 17 195 | 7 139 | 15 885 | 7 843 | 18 742 | 8 111 |
| Електрична енергија, гас и вода | 340 | 1 472 | 216 | 1 051 | 252 | 922 | 218 | 972 | 261 | 949 |
| Градежништво | 5 714 | 2 077 | 7 977 | 3 211 | 10 025 | 3 535 | 11 087 | 1 375 | 12 990 | 1 709 |
| Продажба на големо и малопродажба | 19 140 | 3 463 | 19 307 | 4 231 | 24 457 | 6 277 | 25 827 | 6 342 | 28 861 | 8 452 |
| Хотели и ресторани | 3 282 | 328 | 3 170 | 1 065 | 3 252 | 578 | 3 124 | 721 | 3 681 | 602 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 3 701 | 552 | 3 623 | 8 910 | 4 636 | 7 388 | 6 732 | 798 | 7 811 | 839 |
| Финансиско посредување | 126 | − | 195 | − | 272 | 35 | 202 | 45 | 591 | 0 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 6 639 | 240 | 6 569 | 1 109 | 6 796 | 1 801 | 6 238 | 974 | 7 771 | 935 |
| Јавна администрација и одбрана | 176 | − | 4 895 | 6 061 | 2 198 | 9 695 | 4 951 | 2 621 | 4 727 | 2 961 |
| Образование | 7 321 | 1 367 | 9 133 | 303 | 8 533 | 1 380 | 9 120 | 1 133 | 9 432 | 1 388 |
| Здравство и социјална работа | 3 238 | 2 747 | 2 536 | 3 088 | 2 385 | 3 470 | 5 014 | 1 643 | 6 563 | 1 322 |
| Општествени и лични услуги | 3 467 | 936 | 345 | 850 | 3 522 | 1 372 | 3 793 | 1 373 | 4 762 | 1 625 |
| Вкупно | 90 766 | 18 181 | 100 298 | 37 858 | 112 164 | 44 161 | 122 154 | 26 878 | 137 704 | 30 976 |

Извор: Државен завод за статистика

Табелата 1-4 ја претставува вредноста на БДВ на МСП по сектори за период од 2002 до 2006 година. Во 2006 година, вкупната вредност на БДВ на малите претпријатија беше 137 704 милиони МКД. Исто како и БВП, секторот на земјоделие, лов и шумарство покажа најголемо учество во БДВ. Вредноста на БДВ од малите претпријатија од овој сектор во 2006 година достигна 31 200 милиони МКД. Споредно со 2002 година, тоа претставува пораст од 40,19%, и споредено со 2005 година, тоа е пораст од 6,89%. Од 2002 година, трендот е позитивен и секоја година вредноста на БДВ кај малите претпријатија е поголема во однос на

[4] Бруто домашен производ, 3.4.3.01/525. Државен завод за статистика

претходниот период. Освен овој сектор, многу други сектори го следеа овој тренд. Во 2006 година, секторот на земјоделие, лов и шумарство учествуваше со 22,66% во вредноста на БДВ кај малите претпријатија. Во 2002 година, учеството на овој сектор беше 24,52% со што се потврди дека поголеми промени не се појавуваат. Ова може да се заклучи и за другите сектори.

Освен секторот на земјоделие, лов и шумарство, во 2006 година, други сектори кои имаа големо учество[5] во вредноста на БДВ кај малите претпријатија се следниве: продажбата на големо и малопродажбата (20,96%) и производството (13,61%). Учеството на овие три сектори во вкупната вредност изнесуваше речиси ¾ (74,76%) од вредноста на БДВ на малите претпријатија.

Во 2006 година, кај малите претпријатија, сектор кој имаше најголемо учество во БДВ беше продажбата на големо и малопродажбата со вредност од 8 452 милиони МКД (27,29%). Сепак, споредено со малите претпријатија каде што истиот сектор имаше најголемо учество во вредноста на БДВ повеќе години, во случај на средните претпријатија состојбата е сосема поинаква бидејќи во зависност од годината, а особено во изминатите неколку години, различни сектори покажаа најголемо учество во вкупната вредност на БДВ, кога станува збор за средните претпријатија. Всушност, во 2002 година, секторот производството, во обласа на средни претпријатија најмногу учествуваше во вкупната вредност на БДВ (со учество од 23,23%). Во 2003 година, тоа беше секторот на транспорт, складирање и комуникации (23,54%), во 2004 година секторот на јавната администрација и одбраната (21,95%), и во 2005 година секторот на производство (29,18%).

Освен Продажбата на големо и малопродажбата, друг сектор кој во 2006 година, од средните претпријатија, кој покажа повеќе од 10% учество во вкупната вредност на БДВ беше секторот на производството (26,19%).

**Табела 1-5 Бруто додадената вредност по вид на претпријатија**

| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|
| *(Основни цени , милиони денари)* | | | | | |
| Мали | 90 766 | 100 298 | 112 164 | 122 154 | 137 704 |
| Средни | 18 181 | 37 858 | 44 161 | 26 878 | 30 976 |

[5] Повеќе од 10% учество во вкупната вредност на БДВ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Големи | 83 010 | 63 764 | 60 889 | 84 346 | 89 579 |
| Вкупно | 191 957 | 201 920 | 217 214 | 233 378 | 258 259 |
| *(%)* | | | | | |
| Мали | 47,28 | 49,67 | 51,64 | 52,34 | 53,32 |
| Средни | 9,47 | 18,75 | 20,33 | 11,52 | 11,99 |
| Големи | 43,25 | 31,58 | 28,03 | 36,14 | 34,69 |
| Вкупно | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 |

Извор: Државен завод за статистика

Во 2006 година, вкупната вредност на БДВ беше 258 259 милиони МКД, што преставува пораст од 34,54% во однос на 2002 година и пораст од 10,66% во однос на 2005 година. Учеството на секторот на МСП во вредноста на БДВ низ годините континуирано растеше од 2002 година, кога беше 56,75%, и достигнувајќи 71,97% во 2004 година. Сепак, поради големиот пад на учеството на средните претпријатија во вкупната вредност на БДВ, за 2005 и 2006 год., на скоро половина од нивото од 2004 год., придонесот на МСП секторот се намали на 63,86% за 2005 год. и 65,31% за 2006 год. освен ова, придонесот на малите претпријатија во вкупната вредност на БДВ континуирано се зголемуваше од 2002 год. кога беше 47,28% на 53,32% во 2006 год.

# 2. Правна рамка

## 2.1. Отворање на бизнис

Најчеста форма на формализирање на бизнис активностите во Република Македонија претставува трговско друштво или компанија. Имено, трговското друштво е правно лице во кое едно или повеќе лица вложуваат пари, ствари или права во имот што го користат за заедничко работење и заеднички ги делат добивката и загубата од работењето.

Како основачи на трговско друштво не може да се јават:

1. физичко лице за кое со правосилна одлука на судот (мора да постои одлука на суд, а не сомневање) е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања, додека трае забраната утврдена со одлука на судот;
2. лица над кои е отворена стечајна постапка за време на траењето на стечајната постапка (само за времетраењето на стечајната постапка);
3. лица кои не ги платиле даноците и придонесите кои со закон биле обврзани да ги платат, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, вклучувајќи ги и лицата во друштвата што престанале;
4. лица, односно содружници или акционери во друштва чијашто сметка е блокирана, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, сѐ додека трае блокадата на сметката.

Секое лице може да биде основач на повеќе друштва ако, со Законот за трговските друштва, тоа не е забрането. Физичко лице може, во исто време, да биде содружник со неограничена одговорност само во едно друштво. Кон пријавата за упис на основање друштво во трговскиот регистар основачите поднесуваат лична писмена изјава, заверена кај нотар, дека не постои некое од ограничувањата предвидени со Законот за трговските друштва за да основаат друштво. Основачот не мора да е вработен во друштвото што го основал или е еден од основачите.

## 2.2. Класификација на претпријатијата

Според Законот за трговски друштва, кој стапи во сила во 2004 година, претпријатијата во Република Македонија мора да се регистрираат во една од следниве правни форми:

-Јавно трговско друштво
-Командитно друштво
-Друштво со ограничена одговорност
-Акционерско друштво
-Командитно друштво со акции

Најголем дел од претпријатијата во Република Македонија се регистрирани како друштва со ограничена одговорност, што значи дека тие се основани од страна на едно (ДООЕЛ)[6] или повеќе физички или правни лица (ДОО). Законот за трговски друштва ја дефинира вредноста на минималниот капитал за претпријатието. Оваа вредност не може да биде помала од 5 000 евра во денарска против-вредност. Во согласност со измените и дополнувањата на овој закон, сепак, постои можност минималните барања за основачка главнина да се внесат во форма на средства во текот на првата година од работењето на претпријатието, што всушност значи дека во текот на постапката за регистрација барањата на основачка минимална главнина можат да бидат нула.

**Табела 2-1. Класификација на претпријатијата**

| | **ЕУ дефиниција за претпријатија[7]** | **Закон за трговски друштва (2004)** |
|---|---|---|
| Микро | До 10 вработени | До 10 вработени |
| | Годишен обрт помал или еднаков на 2 милиони ЕУР | Годишен обрт помал од 50,000 ЕУР |
| | Биланс на состојба помали или еднаков на 2 милиони ЕУР | Не повеќе од 80% од бруто приходот треба да доаѓа од еден клиент |
| Мали | До 50 вработени | До 50 вработени |
| | Годишен обрт помал или | Годишен обрт помал од 2 милиони |

[6] ДООЕЛ Друштво со ограничена одговорност едно лице
[7] http://europa.eu.int/comm/enterprise/enterprise_policy/sme_definition/index_en.htm

| | | |
|---|---|---|
| | еднаков на 10 милиони ЕУР | ЕУР |
| Средни | Биланс на состојба помал или еднаков на 10 милиони ЕУР | Биланс на состојба помал од 2 милиони ЕУР |
| | До 250 вработени | До 250 вработени |
| | Годишен обрт помал или еднаков на 50 милиони ЕУР | Годишен обрт помал од 10 милиони ЕУР |
| | Биланс на состојба помал или еднаков на 43 милиони ЕУР | Биланс на состојба помал или еднаков на 11 милиони ЕУР |
| Големи | Сите други кои не влегуваат во една од горенаведените класификации | Сите други кои не влегуваат во една од горенаведените класификации |

Извор Закон за трговски друштва

Класификацијата на претпријатијата во Законот за трговски друштва беше подготвена во согласност со дефиницијата која се користи во ЕУ. Сепак, за да се прифати дефиницијата на ЕУ како национална, се направени некои мали корекции во поглед на вредностите во споредба со дефиницијата на ЕУ.

Трошоци поврзани со регистрацијата на претпријатието се следниве:
Трошоци поврзани со едно- шалтерскиот систем:
-Регистрирање во регистарот 1700 МКД;
-Услуги за користење на едно- шалтерскиот систем 750 МКД;
-Публикација на веб 99 МКД;
Покрај овие трошоци поврзани со услугите на едно- шалтерскиот систем и услугите на Централниот регистар, постојат и дополнителни трошоци кои треба да се вклучат во пресметката:
- Подготовка на печатот 350 МКД;
-Нотарска верификација на документите 620 МКД;
Поради тоа, минималните трошоци за добивање на сертификат за регистрација на компанијата изнесуваат околу 3520 МКД (57 ЕУР).

**2.3. Занаетчии**

Законот за вршење на занаетчиска дејност во Република Македонија беше усвоен во 2004 година, и го замени стариот закон од 1998 година. Во новиот закон е

утврдена дефиницијата за тоа што претставува занаетчијата и што се смета за занаетчиска дејност. Овој нов закон го дефинира занаетчијата како секое физичко лице кое е регистрирано во Регистарот на занаетчии. Информации кои се собираат во Регистарот на занаетчии се :

-Име, татково име, презиме и адреса на живеење;

-Матичен број на лицето;

-Активности кои се превземаат и шифри на тие активности во согласност со НАЦЕ; и

-Име на компанијата, кратко име на компанијата ( ако е возможно), локација и адреса на просториите.

Затварањето на дејноста на занаетчијата може да се изврши само ако (според она што е наведено во Законот):

-Занаетчијата биде вработен во друга компанија, ако истиот се пензионира или започне со друга деловна активност;

-Ако занаетчијата отиде во затвор повеќе од 6 месеци;

-Во случај на смрт на занаетчијата;

-Други ситуации утврдени со Законот.

**Табела 2-2 Занаетчии по градови**

| 2007 | | |
|---|---|---|
| Градови | Број на занаетчии | (%) од вкупно |
| Скопје | 1 062 | 36,41 |
| Берово | 21 | 0,72 |
| Битола | 11 | 0,38 |
| Гевгелија | 30 | 1,03 |
| Струмица | 165 | 5,66 |
| Тетово | 640 | 21,94 |
| Валандово | 1 | 0,03 |
| Струга | 83 | 2,85 |
| Велес | 89 | 3,05 |
| Виница | 1 | 0,03 |
| Гостивар | 104 | 3,57 |
| Дебар | 35 | 1,20 |
| Делчево | 1 | 0,03 |
| Охрид | 102 | 3,50 |
| Кавадарци | 7 | 0,24 |
| Кичево | 25 | 0,86 |
| Кочани | 36 | 1,23 |
| Кратово | 5 | 0,17 |
| Крива Паланка | 22 | 0,75 |

| | | |
|---|---|---|
| Крушево | 3 | 0,10 |
| Куманово | 26 | 0,89 |
| Македонски Брод | 12 | 0,41 |
| Неготино | 1 | 0,03 |
| Прилеп | 111 | 3,81 |
| Пробиштип | 129 | 4,42 |
| Радовиш | 18 | 0,62 |
| Ресен | 38 | 1,30 |
| Свети Николе | 30 | 1,03 |
| Штип | 109 | 3,74 |
| Вкупно | 2 917 | 100,00 |

Извор Централен Регистар

### 2.4. Трговец поединец

Трговецот-поединец е физичко лице кое, во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со Законот за трговските друштва. Важно е да се потенцира дека како трговец-поединец може да се јави само физичко лице. Како трговец-поединец може да се запише во трговскиот регистар секое деловно способно физичко лице со постојано место на живеење во Република Македонија.

Како трговец-поединец не може да биде регистрирано физичко лице:

1. над кое е отворена стечајна постапка;
2. за кое, со правосилна одлука на судот, е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања додека трае забраната за вршење на дејноста утврдена со одлуката на судот;
3. на кое надлежен орган, врз основа на закон, му забранил да врши некоја од дејностите определени со Законот за трговските друштва, додека трае забраната.

Едно физичко лице запишано како трговец-поединец не може, истовремено, по која било основа, да биде запишано како трговец-поединец под друга фирма.

Трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

Овој начин на вршење трговска дејност е брз, едноставен, без големи формалности и слично. Со еден збор, многу флексибилен. Но, ограничувањата и слабостите му се побројни: тешко се добиваат екстерни извори на финансирање (кредити од банки или други позајмици); се врзува со доброто здравје и со капацитетот на физичкото лице; тешко се наоѓаат деловни партнери кои немаат

увид колкав е имотот на физичкото лице трговец-поединец; и, конечно, трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

**Табела 2-3 Трговец поединец по градови**

| 2007 | | |
|---|---|---|
| Град | Број на ТП | (%) од вкупно |
| Скопје | 1 039 | 23,16 |
| Берово | 61 | 1,36 |
| Битола | 88 | 1,96 |
| Гевгелија | 192 | 4,28 |
| Струмица | 170 | 3,79 |
| Тетово | 593 | 13,22 |
| Валандово | 6 | 0,13 |
| Струга | 81 | 1,81 |
| Велес | 481 | 10,72 |
| Виница | 47 | 1,05 |
| Кичево | 98 | 2,18 |
| Гостивар | 382 | 8,51 |
| Дебар | 177 | 3,94 |
| Охрид | 97 | 2,16 |
| Делчево | 59 | 1,31 |
| Неготино | 47 | 1,05 |
| Демир Хисар | 31 | 0,69 |
| Крушево | 19 | 0,42 |
| Кочани | 154 | 3,43 |
| Кавадарци | 74 | 1,65 |
| Штип | 81 | 1,81 |
| Радовиш | 16 | 0,36 |
| Кратово | 17 | 0,38 |
| Крива Паланка | 135 | 3,01 |
| Прилеп | 86 | 1,92 |
| Куманово | 54 | 1,20 |
| Свети Николе | 32 | 0,71 |
| Македонски Брод | 25 | 0,56 |
| Пробиштип | 111 | 2,47 |
| Ресен | 34 | 0,76 |
| Вкупно | 4 487 | 100,00 |

Извор Централен Регистар

# 3. Претпријатија во Република Македонија- големина и структура

Приватните претпријатија даваат значителен допринос во економијата на секоја земја. Тие имаат голема улога од аспект на нивното учество во БДП, во создавањето на работни места, во учеството во извозот, во создавањето на иновативни производи и услуги и плаќањето на даноците, итн. Насекаде во светот, бројот на МСП износува помеѓу 95% и 99% од вкупниот број на претпријатија. Со ова се потврдува фактот дека тие се главен мотор на националната економија.

## 3.1. Претпријатијата во Република Македонија

Секторот на претпријатија во РМ не се разликува во голема мера од секторот на претпријатија од другите земји од аспект на неговото значење за економијата на државата. Всушност бројот на регистрирани претпријатија континуирано се зголемува, а со тоа и нивното учество во економијата. Многу од активните претпријатија се мали. На пример, во 2007 година, оваа категорија на активни претпријатија претставуваше 99,0% од вкупниот број на активни претпријатија[8], одразувајќи го значењето на овие претпријатија за економијата на земјата.

### 3.1.1 Активни претпријатија по сектори

Во 2007 година, бројот на активните претпријатија во Република Македонија беше 51 060. Бројот на мали претпријатија беше 50 541, бројот на средни претпријатија беше 424 и бројот на големи претпријатија беше 95. Долната табела го покажува бројот на активни претпријатија по сектори за 2007 година.

**Табела 3-1 Број на активни претпријатија по сектори**

| 2007 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Сектор | Мали | Средни | Големи | Вкупно |
| Земјоделство , лов и шумарство | 1 136 | 25 | 2 | 1 163 |
| Рибарство | 40 | 0 | 0 | 40 |
| Рударство | 112 | 8 | 4 | 124 |
| Производство | 6 477 | 142 | 48 | 6 665 |
| Електрична енергија, гас и вода | 74 | 14 | 7 | 95 |
| Градежништво | 3 186 | 43 | 5 | 3 235 |

8 Регистрирани според Законот за трговски друштва

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Продажба на големо  и малопродажба | 23 846 | 119 | 14 | 23 980 |
| Хотели и ресторани | 2 523 | 13 | 1 | 2 537 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 4 920 | 17 | 8 | 4 945 |
| Финансиско посредување | 257 | 1 | 1 | 259 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 3 544 | 20 | 1 | 3 565 |
| Јавна администрација и одбрана | 45 | 1 | 0 | 46 |
| Образование | 376 | 0 | 0 | 376 |
| Здравство и социјална работа | 2 648 | 3 | 0 | 2 651 |
| Општествени  и лични услуги | 1 357 | 18 | 4 | 1 379 |
| Вкупно | 50 541 | 424 | 95 | **51 060** |

Извор: Централен регистар

Најголем број на активни претпријатија се занимаваа со продажба на големо и малопродажба, т.е.  23 980 или 47,0% од вкупниот број. Другите сектори,  во кои најмалку или приближно 10% од активните претпријатија работеа, беа производството со 6 665 претпријатија или 13,1% од вкупниот број, како и транспорт, складирање  и комуникации со 4 945 активни претпријатија или учество со 9,7%. Повеќе од 2/3 (или 69,7%) од вкупниот број на активни претпријатија работеа во овие сектори.

**Графикон 3-1 Процентуално учество на активните претпријатија во 2007 година.**




Извор: Централен регистар

Слична состојба постои и кај малите претпријатија. Всушност, овие претпријатија се најактивни во областа на големо-продажбата и малопродажбата. Нивниот број во 2007 година беше 23 846 што претставува 47,2% од вкупниот број на мали активни претпријатија. Друг значаен сектор во однос на бројот на мали претпријатија беше производството со 6 477 претпријатија, транспортот, складирањето и комуникациите со 4 920 претпријатија и недвижностите, изнајмувањето и деловните активности со 3 544 претпријатија.

За средните претпријатија, производството беше сектор каде работат најголемиот број од овие претпријатија (142) или каде 33,5% од вкупниот број на активни средни претпријатија  работеа во 2007 година. Оваа област беше следена од секторот на големо-продажбата и малопродажбата со 119 претпријатија или 28,1% додека во другите сектори постоеше само мал број на средни активни претпријатија или воопшто и немаше (пример рибарството и образованието).

Бројот на големи претпријатија во 2005 година беше 95. Повеќе од половината од нив (50,55%) работеа во секторот на производството, додека останатите 47 претпријатија работеа во  останатите  девет сектори од економијата.

**Слика 3-2 Број на активни МСП по сектори (2005-2007)**




Извор: Централен регистар

Иако во најголем број од секторите, бројот на МСП континуирано растеше почнувајќи од 2005 година, постојат и сектори каде бројот на МСП се намалува или во зависност од годината бројот се менува. Наспроти редовниот и константен пораст на бројот на МСП, во секторите како рибарство, рударство, електрика, гас и вода, големо-продажба и малопродажба и друго, постојат и други сектори како производството и градежништвото кај кои бројот на претпријатија варира, што значи дека бројот на претпријатија во 2007 година беше помал од бројот на претпријатија во 2006 и 2005 година. Во 2007, во секторот на големо-продажба и малопродажба бројот на мали претпријатија се зголеми за 2 345 споредено со 2005 година или за 1 152 споредено со 2006 година.

**Табела 3-2 Број на ново регистрирани претпријатија преку едно-шалтерскиот систем (2006-2007)**

| | 2006 | | | | 2007 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор | Микро | Мали | Средни | Големи | Микро | Мали | Средни | Големи |
| Земјоделство , лов и шумарство | 195 | 100 | 1 | 0 | 292 | 305 | 0 | 0 |
| Рибарство | 4 | 4 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рударство | 20 | 7 | 0 | 0 | 13 | 16 | 0 | 0 |
| Производство | 553 | 420 | 5 | 1 | 625 | 541 | 0 | 0 |
| Електрична енергија, гас и вода | 6 | 1 | 1 | 0 | 14 | 8 | 0 | 0 |
| Градежништво | 332 | 217 | 0 | 0 | 321 | 269 | 0 | 0 |
| Продажба на големо и малопродажба | 2 673 | 1 242 | 2 | 0 | 2 550 | 1 968 | 1 | 0 |
| Хотели и ресторани | 495 | 254 | 0 | 0 | 453 | 432 | 0 | 0 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 694 | 387 | 1 | 0 | 583 | 461 | 1 | 0 |
| Финансиско посредување | 40 | 15 | 1 | 2 | 33 | 22 | 0 | 0 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 451 | 175 | 2 | 0 | 480 | 323 | 0 | 0 |
| Јавна администрација и одбрана | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Образование | 34 | 7 | 0 | 0 | 37 | 38 | 0 | 0 |
| Здравство и социјална работа | 3 | 2 | 0 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 |
| Општествени и лични услуги | 200 | 189 | 0 | 0 | 204 | 176 | 0 | 0 |
| Вкупно | 5 702 | 3 020 | 13 | 3 | 5 616 | 4 565 | 2 | 0 |

Извор: Централен регистар

Од 01.01.2006, со усвојувањето на *Законот за едно-шалтерски систем и за чување на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица*[9], едно-шалтерски систем започна да функционира како интегрален дел од Централниот Регистар. Според податоците од едно-шалтерскиот систем, бројот на ново-регистрирани компании во 2006 и 2007 година изнесуваше 8738 и 10183 компании. Од овој број, за 2006 година, 8735 беа МСП, додека во 2007 година сите ново-регистрирани претпријатија беа МСП. Три сектори со најголема вработеност помеѓу ново-регистрираните претпријатија беа секторите на големо-продажбата и малопродажбата (8433), производството (2139), и транспортот, складирањето и комуникациите (2125 претпријатија).

**Табела 3-3. Споредба на бројот на мали активни претпријатија по години**

| Сектор | индекс 2004/2007 | индекс 2005/2007 | индекс 2006/2007 |
|---|---|---|---|
| Земјоделство , лов и шумарство | 1,29 | 1,22 | 0,97 |
| Рибарство | 1,43 | 1,43 | 1,08 |
| Рударство | 1,32 | 1,30 | 1,08 |
| Производство | 0,95 | 0,92 | 0,85 |
| Електрична енергија, гас и вода | 1,30 | 1,30 | 1,19 |
| Градежништво | 1,10 | 1,04 | 0,94 |
| Продажба на големо и малопродажба | 1,14 | 1,11 | 1,05 |
| Хотели и ресторани | 1,37 | 1,30 | 1,19 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 1,37 | 1,10 | 1,02 |
| Финансиско посредување | 8,29 | 7,56 | 4,85 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 1,80 | 1,65 | 1,41 |

[9] Службен весник на РМ 84/05

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавна администрација и одбрана | 45,00 | 22,50 | 22,50 |
| Образование | 1,33 | 1,28 | 1,11 |
| Здравство и социјална работа | 2,87 | 1,91 | 1,48 |
| Општествени и лични услуги | 1,70 | 1,58 | 1,37 |

Извор: Централен регистар

Горната табела укажува на промените на бројот на мали активни претпријатија во текот на времето. Најчесто, бројот на мали претпријатија во сите сектори за 2007 година беше поголем од претходните години. Единствен исклучок беа секторите на земјоделие (2006/2007), производство (2004,2005,2006/2007) и градежништво (2006/2007), во кои бројот на претпријатија за 2007 година не секогаш ја достигна највисоката вредност споредена со претходните години.

### 3.1.2. Активни претпријатија по градови

Бројот на претпријатија по градови исто така претставува значаен индикатор кој укажува на густината на претпријатија во одредени региони. Всушност, како што бројот на претпријатија во даден регион се зголемува, истиот регион станува поразвиен и се зголемува конкуренцијата помеѓу претпријатијата. Освен Скопје, каде што најголем дел од претпријатијата се лоцирани, постојат и други региони во земјата во кои бројот на претпријатија е релативно висок во поглед на бројот на жители од тој регион.

Бројот на активни претпријатија во Скопје беше 20,046 претпријатија, што претставува 39,621% од вкупниот број на претпријатија. Градови кај кои исто така функционираат голем број на претпријатија се и Битола (3295), Куманово (2484), Тетово (2374), Струмица (2370), Прилеп (2290) и Охрид (2273). Бројот на претпријатија е обично пропорционален со бројот на жители кои живеат во одредениот регион. Во поголемите региони и бројот на претпријатијата е поголем.

**Табела 3-4 Број на активни претпријатија по градови**

| 2007 | | |
|---|---|---|
| *Град* | Број на претпријатија | (%) од вкупно |
| Скопје | 20 046 | 39,26 |
| Гевгелија | 1 341 | 2,63 |
| Струмица | 2 370 | 4,64 |
| Битола | 3 295 | 6,45 |
| Велес | 997 | 1,95 |
| Тетово | 2 374 | 4,65 |

| | | |
|---|---|---|
| Гостивар | 1 566 | 3,07 |
| Берово | 418 | 0,82 |
| Валандово | 258 | 0,51 |
| Струга | 1 722 | 3,37 |
| Виница | 403 | 0,79 |
| Кичево | 958 | 1,88 |
| Дебар | 183 | 0,36 |
| Охрид | 2 273 | 4,45 |
| Делчево | 486 | 0,95 |
| Неготино | 625 | 1,22 |
| Демир Хисар | 255 | 0,50 |
| Крушево | 287 | 0,56 |
| Кочани | 1 151 | 2,25 |
| Кавадарци | 1 433 | 2,81 |
| Штип | 1 369 | 2,68 |
| Радовиш | 888 | 1,74 |
| Кратово | 177 | 0,35 |
| Крива Паланка | 264 | 0,52 |
| Прилеп | 2 290 | 4,48 |
| Куманово | 2 484 | 4,86 |
| Свети Николе | 363 | 0,71 |
| Македонски Брод | 169 | 0,33 |
| Пробиштип | 210 | 0,41 |
| Ресен | 405 | 0,79 |
| **Вкупно** | 51 060 | 100,00 |

Извор: Централен регистар

### 3.1.3 Сопственост на претпријатијата

Според сопственоста во Република Македонија, претпријатијата се класифицираат во приватни, државни, акционерски друштва, јавни, кооперативи, но исто така постојат и претпријатија кои во регистарот на компании се класифицирани во групата на недефинирана сопственост. Во 2007 година, најголем дел од претпријатијата беа приватни (98,04%) како што е илустрирано во Табелата 3.4. Останатите претпријатијата се оние чија сопственост не е дефинирана (1,31%), јавни претпријатијата (0,30%), претпријатијата во сопственост на државата (0,22%), кооперативи (0,12%) и акционерски друштва (0,015 само). Речиси ист процент на дистрибуција се забележува кај МСП.

**Табела 3-5 Вид на сопственост на претпријатијата**

| 2005 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *(Вид на сопственост)* | Мали | Средни | Големи | Вкупно | % |
| Акционерски друштва | 4 | 3 | 0 | 7 | 0,01 |
| Во државна сопственост | 93 | 16 | 5 | 114 | 0,22 |
| Приватни | 49 728 | 284 | 49 | 50 061 | 98,04 |
| Недефинирано | 529 | 103 | 35 | 667 | 1,31 |
| Јавни | 128 | 18 | 6 | 152 | 0,30 |
| Кооперативи | 59 | 0 | 0 | 59 | 0,12 |
| Вкупно | 50 541 | 424 | 95 | 51 060 | 100,00 |

Извор: Централен регистар

### 3.1.4 Неактивни претпријатијата

Во 2007 година, некои претпријатија не извршуваа никакви активности. Според законот, овие претпријатијата треба да го информираат Централниот регистар за нивниот неактивен статус. Во 2005-тата година, бројот на пријавени неактивни претпријатијата беше 8 294 (табела 3.5), што е 16,24% од вкупниот број на активни претпријатија. Претпријатијата од секторите на големо-продажбата и малопродажбата (3 798), производството (1 185) и транспортот, складирањето и комуникациите (1 012) имаат најголем број на неактивни претпријатија во 2007 година.

**Табела 3-6 Број на неактивни претпријатија по сектори**

| 2007 | |
|---|---|
| Сектор | Број на претпријатија |
| Земјоделство , лов и шумарство | 399 |
| Рибарство | 14 |
| Рударство | 26 |
| Производство | 1 185 |
| Електрична енергија, гас и вода | 8 |
| Градежништво | 521 |
| Продажба на големо и малопродажба | 3 798 |
| Хотели и ресторани | 535 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 1 012 |
| Финансиско посредување | 14 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 414 |
| Јавна администрација и одбрана | 0 |
| Образование | 71 |
| Здравство и социјална работа | 66 |
| Општествени и лични услуги | 231 |
| Вкупно | 8 294 |

Извор: Централен регистар

# 4.МСП и надворешната трговија[10]

Во 2007-та година, Република Македонија забележа значителен пораст во надворешно трговската размена. Извозот во 2007 година покажа позитивна промена и достигна до 955 милиони САД $, додека увозот значително се зголеми и достигна вредност од 1 465 милиони САД $. Изразено во проценти, ова значи пораст на извозот за 39.80% и увозот за 38,93% во однос на 2006 година.

Најголемиот дел од порастот на увозот и извозот се должи на намалената вредност на американскиот долар во однос на еврото, зголемувањето на цените на одредени групи на производи на светските берзи но, исто така, зголемувањето се рефлектира и со намалување на учеството на трговскиот дефицит како дел од вкупната трговска размена на Република Македонија, како и од зголемување на покриеноста на увозот со извозот. Ова зголемување на покриеноста на увозот со извозот се случува трета година по ред: во 2004 година покриеноста на увозот со извозот изнесува 57,6%, во 2005 година изнесува 61,9%, во 2006 година изнесува 63,8%, додека во 2007 година покриеноста бележи пораст од 0,4% во однос на 2006 година, односно покриеноста изнесува 64,2%.

### 4.1. Извоз од Република Македонија

Позитивното движење на извозот на Република Македонија во 2007 година се должи на зголемување на групите на производи коишто имаат најголемо учество во вкупниот извоз. Овие групи на производи учествуваат со 70% од вкупниот извоз на Република Македонија. Значителен пораст бележат групите производи „железо и челик” (по раст од 593 милиони САД $ или промена од 88,75% од претходната година), „облека” (пораст од 126 милиони САД $ или промена од 24,86% од претходната година), „храна” (пораст од 73 милиони САД $ или промена од 19% од претходната година), „руда и други минерали” (пораст од 52 милиони САД $ или промена од 56,41% од претходната година), „други полупроизводи” (пораст од 51 милион САД $ или промена од 39,32% од претходната година), „други производи за широка потрошувачка” (пораст од 46 милиони САД $ или промена од 48,11% од претходната година) и „машини, канцелариска и транспортна опрема” (пораст од 32 милиони САД $ или промена од 27% од претходната година). Важно е да се

[10] Бидејќи недостасуваат податоци за МСП, ова поглавје ги опфаќа сите големини на претпријатија заедно.

спомене дека сите групи на производи бележат пораст од претходната година, освен групите на производи „горива” и „производи некласифицирани по вид”, каде што бележиме намалување на извозот од 60 и 1,6 милиони САД $, или изразено во проценти пад од 26,64% и 45,20%, соодветно. Од овие податоци може да се утврди дека македонскиот извоз бележи раст во областите каде што нема високо додадена вредност, освен во групата „машини, канцелариска и транспортна опрема”, каде за првпат по подолг период се забележува значителен раст но, за жал, оваа гранка на производи учествува со 4,5% од вкупниот извоз на Република Македонија.

**Табела 4-1 Земји во кои македонските претпријатија извезуваат**

| | 2005 | | 2006 | | 2007 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Држава | Извоз (во милиони дол) | % | Извоз (во милиони дол) | % | Извоз (во милиони дол) | % |
| Србија | 459,54 | 23,47 | 557,85 | 23,24 | 639,47 | 19,29 |
| Германија | 364,01 | 18,59 | 375,48 | 15,64 | 484,08 | 14,60 |
| Грција | 312,93 | 15,98 | 361,16 | 15,04 | 420,47 | 12,68 |
| Италија | 169,61 | 8,66 | 236,85 | 9,87 | 346,83 | 10,46 |
| Бугарија | 76,10 | 3,89 | 130,14 | 5,42 | 242,52 | 7,31 |
| Белгија | 34,62 | 1,77 | 83,15 | 3,46 | 177,89 | 5,37 |
| Шпанија | 14,01 | 0,72 | 50,40 | 2,10 | 173,01 | 5,22 |
| Хрватска | 81,05 | 4,14 | 124,23 | 5,17 | 163,93 | 4,94 |
| Босна и Херцеговина | 50,46 | 2,58 | 64,70 | 2,70 | 88,02 | 2,65 |
| Обединетото Кралство | 42,93 | 2,19 | 36,46 | 1,52 | 75,15 | 2,27 |
| Албанија | 27,52 | 1,41 | 40,56 | 1,69 | 72,75 | 2,19 |
| Холандија | 44,58 | 2,28 | 55,39 | 2,31 | 71,82 | 2,17 |
| Словенија | 31,81 | 1,62 | 41,18 | 1,72 | 68,77 | 2,07 |
| Турција | 46,31 | 2,37 | 55,18 | 2,30 | 53,31 | 1,61 |
| САД | 44,28 | 2,26 | 22,42 | 0,93 | 51,66 | 1,56 |
| Русија | 21,42 | 1,09 | 25,48 | 1,06 | 23,63 | 0,71 |
| Австрија | 9,00 | 0,46 | 14,99 | 0,62 | 19,93 | 0,60 |
| Франција | 19,91 | 1,02 | 10,29 | 0,43 | 15,98 | 0,48 |
| Шведска | 8,34 | 0,43 | 50,40 | 2,10 | 14,89 | 0,45 |
| Швајцарија | 7,52 | 0,38 | 10,19 | 0,42 | 10,66 | 0,32 |
| Португалија | 6,76 | 0,35 | 7,10 | 0,30 | 9,61 | 0,29 |
| Јапонија | 8,40 | 0,43 | 1,23 | 0,05 | 0,73 | 0,02 |
| Кина | 9,93 | 0,51 | 1,47 | 0,06 | 0,63 | 0,02 |
| Тајланд | 8,23 | 0,42 | 0,01 | 0,00 | 0,09 | 0,00 |
| Други земји | 58,43 | 2,98 | 44,40 | 1,85 | 89,62 | 2,70 |
| вкупно | 1957,70 | 100,00 | 2400,71 | 100,00 | 3315,45 | 100,00 |

Извор: Државен завод за статистика

Како што е илустрирано во табелата 4-1, во 2007 година вредноста на извозот од Република Македонија беше 3316 милиони САД $. Во однос на 2005 година, обемот на извоз се зголеми за 69,35% или за 1358 милиони САД $.

Од истата табела може да се заклучи дека претпријатијата од Република Македонија извезуваат претежно во земјите на ЕУ (Германија, Грција, Италија и Бугарија), и во земјите од регионот (Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина).

Главни увозник на Македонски производи во 2007 година беше Србија со 19,29% од вкупниот извоз. Извозот во оваа земја континуирано се зголемува од 2005 година. Вредносните индикатори укажуваат особено позитивна слика во однос на извозот во други земји, како Италија, Бугарија, Белгија, Шпанија, Хрватска, итн., каде вредноста на извозот од 2005 година се зголеми двојно или тројно.

Над половина од вредноста на извозот во 2007 година (или 57,03%) оди во само 4 земји Србија, Германија, Италија и Грција.

Исто така има и држави со кои Република Македонија во 2007-та година, не извезуваше толку многу колку во претходните години. Овие земји се претежно од Азија- Јапонија, Кина и Тајланд. Вредноста на извозот во однос на 2005 година, се намали повеќе од 8 пати. Извозот во земји како Турција, Русија и САД зависи од годината. На пример, извозот во САД, во 2006 година се намали за половина во споредба во 2005 година, но во 2007 година тој се зголеми повеќе од двојно во однос на 2006 година.

**4.2. Увоз во Република Македонија**

Во зголемувањето на увозот во 2007 година се бележи раст во сите групи на производи. Најголемо зголемување во однос на вредноста на производите бележиме во групата „машини, канцелариска и транспортна опрема" (по раст од 342 милиони САД $ или раст од 49,70% во однос на претходната година), „горива" (пораст од 219 милиони САД $ или раст од 28,86% во однос на претходната година), „железо и челик" (пораст од 172 милиони САД $ или раст од 46,20% во однос на претходната година), „храна" (пораст од 169 милиони САД $ или раст од 38,44% во однос на претходната година), „руда и други минерали" (пораст од 152

милиони САД $ или раст од 187,67% во однос на претходната година), и „хемиски производи” (пораст од 118 милиони САД $ или раст од 32,17% во однос на претходната година). Гореспоменатите групи на производи учествуваат со 74% од вкупниот извоз на Република Македонија.

**Табела 4-2 Увоз во Република Македонија**

| Држава | 2005 Увоз (во милиони дол) | 2005 % | 2006 Увоз (во милиони дол) | 2006 % | 2007 Увоз (во милиони дол) | 2007 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Русија | 424,49 | 13,53 | 569,58 | 15,58 | 643,28 | 12,55 |
| Германија | 334,88 | 10,68 | 369,27 | 10,10 | 525,32 | 10,25 |
| Србија | 264,21 | 8,42 | 282,85 | 7,74 | 448,40 | 8,75 |
| Грција | 296,83 | 9,46 | 319,88 | 8,75 | 413,35 | 8,07 |
| Италија | 193,67 | 6,17 | 226,92 | 6,21 | 303,54 | 5,92 |
| Бугарија | 234,33 | 7,47 | 250,17 | 6,84 | 267,10 | 5,21 |
| Кина | 115,03 | 3,67 | 139,39 | 3,81 | 242,72 | 4,74 |
| Турција | 113,61 | 3,62 | 123,92 | 3,39 | 194,77 | 3,80 |
| Полска | 94,64 | 3,02 | 117,68 | 3,22 | 155,21 | 3,03 |
| Словенија | 127,99 | 4,08 | 129,41 | 3,54 | 154,55 | 3,02 |
| Швајцарија | 63,68 | 2,03 | 59,08 | 1,62 | 114,33 | 2,23 |
| Хрватска | 75,23 | 2,40 | 78,96 | 2,16 | 109,74 | 2,14 |
| Австрија | 69,18 | 2,21 | 80,56 | 2,20 | 101,43 | 1,98 |
| Романија | 64,91 | 2,07 | 91,87 | 2,51 | 96,49 | 1,88 |
| Франција | 60,98 | 1,94 | 66,25 | 1,81 | 89,54 | 1,75 |
| САД | 45,16 | 1,44 | 41,00 | 1,12 | 77,92 | 1,52 |
| Бразил | 37,66 | 1,20 | 39,64 | 1,08 | 74,94 | 1,46 |
| Холандија | 53,23 | 1,70 | 59,77 | 1,63 | 73,92 | 1,44 |
| Република Чешка | 23,34 | 0,74 | 32,79 | 0,90 | 64,19 | 1,25 |
| Унгарија | 36,25 | 1,16 | 38,06 | 1,04 | 55,02 | 1,07 |
| Шведска | 20,06 | 0,64 | 29,15 | 0,80 | 54,88 | 1,07 |
| Кореја | 33,64 | 1,07 | 41,24 | 1,13 | 54,33 | 1,06 |
| Шпанија | 32,31 | 1,03 | 51,73 | 1,41 | 50,77 | 0,99 |
| Обединетото Кралство | 44,03 | 1,40 | 37,17 | 1,02 | 49,92 | 0,97 |
| Јапонија | 22,76 | 0,73 | 26,96 | 0,74 | 40,76 | 0,80 |
| Босна и Херцеговина | 23,58 | 0,75 | 26,53 | 0,73 | 34,52 | 0,67 |
| Белгија | 27,28 | 0,87 | 26,22 | 0,72 | 31,92 | 0,62 |
| Канада | 22,27 | 0,71 | 36,04 | 0,99 | 15,52 | 0,30 |
| Други земји | 181,48 | 5,79 | 264,63 | 7,24 | 586,35 | 11,44 |
| Вкупно | 3136,71 | 100,00 | 3656,72 | 100,00 | 5124,73 | 100,00 |

Извор: Државен завод за статистика

# 5. МСП и вработувањето

За да се искористат предностите на денешната економија кои се засноваат на знаење, значајно е вработените постојано да се образуваат, да се надградуваат нивните вештини, да се следат трендовите на технолошки развој, како и да се адаптира на промените без да се соочат потешкотии- како еден од најзначајните предуслови за нивно прилагодување на пазарот на работната сила. За да се искористат новите технологии и можности кои ги дава информатичката и комуникациската технологија, компаниите имаат потреба од едуцирани и квалитетно обучени кадри. Поради ова, подобрувањето на образованието, вештините и квалитетот на вработените треба да биде приоритет за секоја земја.

## 5.1. Вработување во Република Македонија

Вработувањето во Република Македонија , со текот на времето , се зголемува. Но сепак невработеноста е еден од најголемите проблеми со кои се соочува земјата во изминатите години. Според податоците од Заводот за статистика од 2007 година, работна сила во Република Македонија брои 907 138 лица. Од нив , 590 234[11] лица или 65,1% беа вработени, а 316 905 или 34,9% беа невработени. Бројот на вработени лица во 2007 година спореден со претходната година се зголеми за 3,5%. Во однос на 2006 година, бројот на невработени лица се намали за 1,4%[12].

Во 2007-та година, бројот на вработени во малите, средни и големите претпријатија беше 271 198. Од нив 61,2% беа вработени во малите претпријатија, 17,9% во средните претпријатија и 20,9% во големите претпријатија. Овие податоци укажуваат на значењето на секторот на МСП, кој вработува над ¾ т.е. речиси 4/5 од работана сила во Република Македонија (или 79,1%). Во апсолутна смисла, за 2007 година, 165 854 лица беа вработени во малите претпријатија, 48 617 лица во средните и 56 272 лица во големите претпријатија.

[11] Економски активно население (моментално активното население е исто така познато како „ работна сила„) ги опфаќа сите лица од двата пола над одредена возраст кои ја сочинуваат понудата на работана сила за производство на економски добра и услуги (вработени и невработени, вклучувајќи ги и оние кои бараат работа за прв пат), како што е дефинирано од страна на системот на национални сметки, во текот на одреден временски референтен период.

[12] Агенција за вработување на Република Македонија . Забелешка: разликата во бројот на регистрираните вработени и невработени во однос на економски активното население се однесува на нерегистрираните вработени или невработени лица.

**Графикон 5-1 Процентуална распределба на вработените по претпријатија во 2007 година**




Извор: Централен регистар

**5.2 Вработување по сектори на економска активност**

Вработувањето по сектори на економска активност исто така е значаен индикатор кој илустрира кои сектори на МСП се најзначајни за креирање на работни места. Табелата 5.1 го претставува бројот на вработените во овие претпријатија за 2006 и 2007 година по сектори.

Споредено со 2006, во 2007-та година, бројот на вработени се зголеми за 1 627 или 0,6%. Во малите претпријатија бројот се зголеми за 7 258, додека бројот на вработените во средните претпријатија и големите претпријатија се намали за 2 412 и 3 219 соодветно.

Производството како и големо-продажбата и малопродажбата беа сектори со најголем број на вработени. Во 2007-та година, во производниот сектор бројот на вработени беше 97 399, што претставува намалување за 2 115 работници споредено со бројот во 2006 година (кога бројот на вработените беше 99 514). Во секторот на големо-продажбата и малопродажбата, 60 220 лица беа вработени. Ова претставува пораст од 4,7% во однос на претходната година. Бројот на

работниците во овие два сектори претставува 58,1% од вкупниот број на вработени во 2007-та година.

Слична состојба може да се забележи кога ќе се земат во предвид претпријатијата категоризирани по големина. Воопшто земено во 2007-та година, МСП вработуваа 214 471 лица или 4 846 лица повеќе од 2006 година. Во 2007-та година, сектори каде вработувањето во МСП беше најголеми беа: производството (77 815), големо-продажбата и малопродажбата (55 555) и градежништвото (15 577). Овие сектори заедно опфаќаат 69,5% од вкупниот број на лица кои беа вработени од страна на МСП.

Во истата година, вработувањето на големите претпријатија беше особено големо во секторот на производтсвото (19 584), следен од секторот за снабдување со електрична енергија, гас и вода (9 735).

**Табела 5-1 Број на вработени по сектори на економска активност**

| | Мали | | | Средни | | | Големи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Сектор* | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 |
| Земјоделство , лов и шумарство | 4 322 | 3 439 | 0,80 | 2 922 | 2 312 | 0,79 | 3 467 | 3 042 | 0,88 |
| Рибарство | 135 | 93 | 0,69 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0,00 |
| Рударство | 668 | 716 | 1,07 | 1 709 | 1 477 | 0,86 | 406 | 1 569 | 3,86 |
| Производство | 56 175 | 55 409 | 0,99 | 23 759 | 22 406 | 0,94 | 19 580 | 19 584 | 1,00 |
| Електрична енергија, гас и вода | 1 084 | 1 109 | 1,02 | 3 182 | 4 327 | 1,36 | 7 697 | 9 735 | 1,26 |
| Градежништво | 12 249 | 11 250 | 0,92 | 5 475 | 2 526 | 0,46 | 9 658 | 6 499 | 0,67 |
| Продажба на големо и малопродажба | 47 100 | 49 009 | 1,04 | 5 777 | 6 546 | 1,13 | 4 661 | 4 665 | 1,00 |
| Хотели и ресторани | 6 772 | 6 993 | 1,03 | 1 673 | 1 254 | 0,75 | 312 | 322 | 1,03 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 11 572 | 11 569 | 1,00 | 1 875 | 2 108 | 1,12 | 11 010 | 7 661 | 0,70 |
| Финансиско посредување | 111 | 373 | 3,36 | | 5 | 5,00 | 11 | 12 | 1,09 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 9 223 | 10 975 | 1,19 | 2 427 | 2 672 | 1,10 | 773 | 581 | 0,75 |
| Јавна администрација и одбрана | 27 | 107 | 3,96 | 17 | 20 | 1,18 | 0 | 0 | 0,00 |
| Образование | 1 229 | 1 707 | 1,39 | 160 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0,00 |
| Здравство и социјална работа | 4 897 | 6 300 | 1,29 | 270 | 325 | 1,20 | 0 | 0 | 0,00 |
| Општествени и лични услуги | 3 032 | 6 805 | 2,24 | 1 783 | 2 639 | 1,48 | 2 371 | 3 057 | 1,29 |
| Вкупно | 158 596 | 165 854 | 1,05 | 51 029 | 48 617 | 0,95 | 59 946 | 56 727 | 0,95 |

Извор: Централен регистар

## 5.3 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата

За да се поддржат вработените, како и за да се зголеми стапката на вработеност, многу е значајно да се знае каде работат вработените според видот на сопственост на претпријатијата. Ова значи, колку лица работат во приватни, државни, јавни или други видови на претпријатија.

Табелата 5.2 го прикажува бројот на вработени во 2007 година според видот на сопственост и големина на претпријатијата. Бројот на вработени кои работат во приватните МСП е најголем, и достигнува 176 709, следен од вработените кои работат во претпријатија чија сопственост сеуште не е дефинирана (27 063).

**Табела 5-2 Број на претпријатија според вид на сопственост на претпријатијата во 2007 година**

| 2007 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *(Вид на сопственост)* | Мали | Средни | Големи | Вкупно | % |
| Акционерски друштва | 402 | 714 | 560 | 1 676 | 0,62 |
| Во државна сопственост | 1 541 | 3 297 | 11 219 | 16 057 | 5,92 |
| Приватни | 150 438 | 26 271 | 23 075 | 199 784 | 73,67 |
| Недефинирано | 11 532 | 15 531 | 17 441 | 44 504 | 16,41 |
| Јавни | 1 592 | 2 804 | 4 432 | 8 828 | 3,26 |
| Кооперативи | 349 | 0 | 0 | 349 | 0,13 |
| Вкупно | 165 854 | 48 617 | 56 727 | 271 198 | 100,00 |

Графиконот 5.2 ја прикажува процентуалната распределба на вработените во МСП според видот на сопственост на претпријатијата. Од вкупниот број на вработени во 2007 година, 199 784 или 73,6% беа вработени во приватните претпријатија, 16,4% од вработените работеа во претпријатија со сеуште недефиниран вид на сопственост, а 5,9% во претпријатија во државна сопственост и 3,3% во јавни претпријатија.

**Графикон 5-2 Вработени во МСП според видот на сопственост на претпријатијата во 2007година**




Извор: Централен регистар

**5.4 Невработеност во Република Македонија**

Еден од најсериозните проблеми за земјите во транзиција е невработеноста. Преструктуирањето од централно планирање во пазарна економија на краток и среден рок имаше негативни реперкусии на пазарот на работаната сила. Потенцијалите за членство во ЕУ на голем број од овие земји во транзиција и последователното отворање на нивните економии создаде дополнителни притисоци врз претпријатијата за да се прилагодат на отворените пазари.

Графиконот 5-3 го прикажува бројот на невработени лица по пол во период од 2003-2007 година. Како што може да се забележи од графиконот, бројот на невработени лица во 2007-та година беше 357 166 споредено со бројот од 390 361 во 2003-та година, што претставува намалување од 33 195 лица. Овој графикон исто така покажува дека бројот на невработените жени е секогаш помал од бројот на мажите. Ова е последица на фактот дека помалку жени официјално се декларираат како невработени. Во 2007-та година, бројот на невработените жени беше 148 224 ( или 41,5%) споредено со бројот на мажите кои број беше 208 942 (или 58,5%).

**Графикон 5-3 Број на невработени лица по пол во Република Македонија**




Извор: Агенција за вработување

Структурата на невработеност според возраста има големо значење затоа што таа влијае на условите за работа во секторот на МСП. Во моментов, невработените лица не се само извор на идни вработени во рамките на постоечките МСП, бидејќи исто така и се основа за формирање на нови бизниси.

Табелата прикажана подолу го претставува бројот на невработени лица според возраста. Како што може да се забележи, бројот на невработените од редот на младите луѓе до 30 годишна возраст опаѓа. Всушност, ако во 2000-тата година бројот на невработената популација до 30 години беше 162 864 (или 44,5%) во 2007 година овој број беше 104 471 (или 29,3% од вкупниот број на невработени лица). Овој тренд исто така е забележлив кај невработените до 40 годишна возраст.

Сепак, како што бројот на невработени до 30 години и групата од 30 до 40 години се намалува, бројот на невработени лица од популацијата од 40 па нагоре се зголемува. Ако бројот на невработени од 50 години и повеќе во 2000-тата година беше 45 511, во 2007 година беше 83 937 лица што претставува 23,5% од вкупниот број на невработени лица.

**Табела 5-3 Број на невработени лица според нивната возраст**

| | до 30 | % | 30-40 | % | 40-50 | % | 50 и над 50 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| 2000 | 162 864 | 44,5 | 95 430 | 26,1 | 62 406 | 17,0 | 45 511 | 12,4 |
| 2001 | 152 927 | 41,8 | 95 189 | 26,0 | 63 896 | 17,4 | 48 328 | 13,2 |
| 2002 | 148 226 | 40,5 | 99 822 | 27,3 | 71 901 | 19,6 | 54 195 | 14,8 |
| 2003 | 132 895 | 36,3 | 105 174 | 28,7 | 82 156 | 22,4 | 70 136 | 19,2 |
| 2004 | 133 604 | 36,5 | 105 651 | 28,8 | 83 008 | 22,7 | 71 273 | 19,5 |
| 2005 | 110 865 | 30,3 | 92 103 | 25,2 | 79 809 | 21,8 | 77 182 | 21,1 |
| 2006 | 106 882 | 29,2 | 91 005 | 24,8 | 79 774 | 21,8 | 85 890 | 22,9 |
| 2007 | 104 471 | 29,3 | 88 796 | 24,8 | 79 962 | 22,4 | 83 937 | 23,5 |

Извор: Агенција за вработување

# 6. Финансиска состојба и финансирање на МСП

Финансиската состојба е клучна карактеристика за секое претпријатие. Претпријатијата треба да имаат познавања на финансискиот менаџмент и финансирањето на претпријатијата. Финансиската анализа помага да се прикаже финансиската состојба и како истата може да се промени. Индикаторите на профитабилност се само едни, но не и единствени индикатори со кои се оценува финансиската состојба на претпријатијата. Останати се индикаторите за ликвидноста, за задолженоста, или индикаторите на готовинскиот тек, на пример.

## 6.1 Добивка (профит) и загуба на претпријатијата

Добивката (профитот) е еден од најзначајните индикатори на успешноста за секое претпријатие. Во многу случаи, профитот или загубата, се два фактори кои утврдуваат дали претпријатието треба да продолжи со своите активности или не. Истражувањата покажуваат дека претпријатијата, особено оние од секторот на МСП , можат да преживеат во првите три години од нивното основање, дури и ако тие остваруваат загуби, и веројатно ќе продолжат да функционираат и во наредните години и дека ќе остваруваат профит.

**Табела 6-1 Добивката и загубата остварена кај претпријатијата**

| | мали | | | средни | | | големи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Финансиски индикатори (000 МКД)* | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 |
| Добивка пред оданочување | 12 531 199 | 20 151 615 | 160,8 | 4 741 098 | 10 540 959 | 222,3 | 19 515 920 | 33 098 110 | 169,6 |
| Загуба пред оданочување | 6 500 986 | 8 875 220 | 136,5 | 3 199 442 | 3 289 801 | 102,8 | 12 410 216 | 6 348 289 | 51,2 |
| Даноци и други давачки од добивката | 1 303 383 | 2 286 913 | 175,5 | 546 085 | 752 865 | 137,9 | 2 170 766 | 2 618 977 | 120,6 |
| Нето добивка | 11 252 476 | 17 937 045 | 159,4 | 4 108 182 | 9 722 657 | 236,7 | 17 172 759 | 30 286 373 | 176,4 |
| Загуба | 6 525 646 | 8 947 563 | 137,1 | 3 112 610 | 3 224 364 | 103,6 | 12 237 822 | 6 155 529 | 50,3 |

Извор: Централен регистар

Табелата 6.1 ја претставува добивката загубата остварена кај претпријатијата во Република Македонија за 2006 и 2007 година. Вкупната вредност на добивката остварена кај сите видови на претпријатија, во 2007 година изнесувала 57 946

милиони МКД, што претставува зголемување од 56.14% споредбено со претходната година (кога истата изнесувала 32 533 милиони МКД). Во 2007 година, МСП допринеле со 47.73% во вредноста на вкупната добивка кај претпријатија, додека во 2006 година овој соодност беше 47.17% што претставува скоро ист соодност со добивката остварена кај МСП за двете години.

Покрај претпријатијата кои оствариле добивка, некои претпријатија оствариле загуба поради одредени причини, како што се, лош квалитет, високи цени на услугите и производите кои ги нудат, или поради други пазарни причини, задоволство на клиентите, итн.

Вредноста на загубата остварена кај претпријатијата во 2007 година била 18 328 милиони МКД. Споредбено со 2006 година, вредноста на загубата во 2007 година била намалена за 3 549 милиони МКД, кога истата изнесувала 21 877 милиони МКД.

Во 2007 година, вредноста на загубите остварена кај малите претпријатија се зголемила 37.13% споредбено со 2006 година. Загубите помеѓу средните претпријатија се зголемиле за само 3.44%, додека вредноста на загубата кај големите претпријатија во 2007 година, споредбено со претходната година се намалила за 49.70%. Ова е причината зашто добивката кај овие претпријатија се зголемила скоро двојно.

**Табела 6-2 Вредноста на активата и пасивата**

| | мали | | | средни | | | големи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Актива: | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 | 2006 | 2007 | индекс 2006/2007 |
| А. ПОБАРУВАЊА ЗА ЗАПИШАН, А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ | 298 880 | 572 181 | 191,4 | 4 890 | 4 890 | 100,0 | 6 590 | 22 532 | 341,9 |
| Б. ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | 120 787 807 | 157 395 661 | 130,3 | 89 956 510 | 96 343 362 | 107,1 | 327 670 078 | 344 617 793 | 105,2 |
| I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 2 763 808 | 4 949 469 | 179,1 | 3 539 757 | 3 439 694 | 97,2 | 9 847 529 | 9 470 359 | 96,2 |
| II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 107 809 781 | 138 165 813 | 128,2 | 59 367 924 | 65 117 141 | 109,7 | 254 023 988 | 269 677 238 | 106,2 |
| III. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА-ДОЛГОРОЧНИ | 10 214 218 | 14 280 379 | 139,8 | 27 048 829 | 27 786 527 | 102,7 | 63 798 561 | 65 470 196 | 102,6 |
| В. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (обртни средства) | 171 493 591 | 215 855 488 | 125,9 | 70 114 672 | 82 629 590 | 117,8 | 229 849 987 | 238 051 356 | 103,6 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. ЗАЛИХИ | 57 274 331 | 69 995 346 | 122,2 | 21 566 868 | 23 154 642 | 107,4 | 54 463 777 | 58 243 765 | 106,9 |
| II. ПОБАРУВАЊА | 91 891 366 | 114 132 501 | 124,2 | 37 531 343 | 43 671 462 | 116,4 | 129 730 001 | 131 328 442 | 101,2 |
| III. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА-КРАТКОРОЧНИ | 8 453 273 | 10 849 955 | 128,4 | 7 137 217 | 7 415 465 | 103,9 | 32 147 700 | 30 984 995 | 96,4 |
| IV ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 13 874 621 | 20 877 686 | 150,5 | 3 879 245 | 8 388 021 | 216,2 | 13 508 509 | 17 494 154 | 129,5 |
| Д. ВКУПНА АКТИВА | 292 580 278 | 373 823 330 | 127,8 | 160 076 073 | 178 977 843 | 111,8 | 557 526 655 | 582 691 681 | 104,5 |
| Пасива: | | | | | | | | | |
| А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ | 103 789 045 | 130 188 179 | 125,4 | 87 829 784 | 95 354 193 | 108,6 | 328 209 976 | 342 430 533 | 104,3 |
| I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | 81 047 059 | 103 403 308 | 127,6 | 75 509 068 | 77 001 868 | 102,0 | 264 969 352 | 266 976 324 | 100,8 |
| II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ | 303.261 | 497 108 | 163,9 | 1 068 882 | 1 067 295 | 99,9 | 1 894 620 | 2 198 823 | 116,1 |
| III. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 3 548 356 | 4 903 913 | 138,2 | 2 958 683 | 3 540 083 | 119,7 | 24 654 427 | 31 501 400 | 127,8 |
| IV. РЕЗЕРВИ | 9 394 432 | 6 651 744 | 70,8 | 6 405 626 | 7 566 824 | 118,1 | 20 307 100 | 23 277 182 | 114,6 |
| V. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 25 678 552 | 32 262 093 | 125,6 | 13 445 234 | 15 580 218 | 115,9 | 42 726 069 | 34 528 973 | 80,8 |
| VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-) | 20 180.540 | 24 749 426 | 122,6 | 12 385 654 | 15 058 738 | 121,6 | 31 608 227 | 45 644 911 | 144,4 |
| VII. ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА | 10 318 194 | 16 029 723 | 155,4 | 3 816 731 | 8 845 367 | 231,8 | 20 493 179 | 38 936 993 | 190,0 |
| VIII. ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА (-) | 6 320 269 | 8 810 285 | 139,4 | 2 988 785 | 3 188 724 | 106,7 | 15 226 543 | 9344 252 | 61,4 |
| Б.РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ОБВРСКИ И ТРОШОЦИ | 518 002 | 818 756 | 158,1 | 110 730 | 64 315 | 58,1 | 4 011 366 | 2 740 551 | 68,3 |
| В. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИ | 184 610 273 | 237 190 560 | 128,5 | 69 889 882 | 80 974 616 | 115,9 | 209 144 931 | 219 775 317 | 105,1 |
| Г. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НАТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ | 3 662 958 | 5 625 835 | 153,6 | 2 245 676 | 2 584 720 | 115,1 | 16 160 382 | 17 745 280 | 109,8 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИТЕ (ДОЛГОРОЧНИ) | 24 299 370 | 44 724 884 | 184,1 | 20 357 926 | 25 061 494 | 123,1 | 55 579 348 | 66 867 052 | 120,3 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИТЕ (КРАТКОРОЧНИ) | 160 310 903 | 192 465 677 | 120,1 | 49 531 956 | 55 913 122 | 112,9 | 153 565 583 | 152 908 265 | 99,6 |
| Д. ВКУПНО ПАСИВА | 292 580 278 | 373 823 330 | 127,8 | 160 076 073 | 178 977 843 | 111,8 | 557 526 655 | 582 691 681 | 104,5 |

Извор: Централен регистар

Во 2007 година, зголемувањето на фиксната актива се должеше поради зголемувањето на материјалната актива (недвижнини, опрема, возила) кај претпријатијата, споредбено со 2006 година. Поради ова, и вредноста на активата кај претпријатијата се зголемила.

Што се однесува до работниот капитал (залиха и побарувања) во 2007 година исто така се бележи зголемување споредбено со 2006 година. Ваквите развој на настаните има негативен ефект на ликидноста на претпријатијата.

Зголемената вредност на побарувањата во 2007 година покажува дека претпријатијата не успеале да ги соберат и наплатат сите средства од продажбата во текот на 2007 година. Зголемената вредност на залихите и побарувањата, исто така имаат негативно влијание врз паричните текови на претпријатијата.

Обврските (краткорочните и долгорочните) во 2007 година, споредбено со 2006 година се зголемиле во сите видови на претпријатија. Ова значи дека, генерално се зголемиле долговите на претпријатија, а се намалила нивната ликвидност. Намалената ликвидност значи дека претпријатијата се неспособни да ги платат своите долгови/обврски во планираниот временски период.

Зголемената добивка во финансиската година се должи на високиот обрт и намалување на даноците.

# Користена литература


Dallago, B. (2003), *Важноста на малите и средни претпријатија за економиите во транзиција,* Публикација на ОН.

Државен завод за статистика (2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006 i 2007), *Бруто домашен производ на Република Македонија 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 i 2006,* Скопје

Државен завод за статистика (2002 i 2003), *Истражување на пазарот на работна сила Април 2002 i 2003*, Скопје

Donatorski kreditni linii za MSP vo Makedonija, *Proekt za poddr{ka na Ministerstvoto za ekonomija upravuvan od Evropska agencija za rekonstrukcija. Septemvri 2004,* Skopje

Европска Повелба за мали и средни претпријатија (2003, 2004, 2005, 2006 i 2008), Национален извештај *2003, 2004, 2005, 2006 i 2008*, Skopje

Европска Комисија (2004), *Извештај за имплементација на Европската Повелба за мали и средни претпријатија во земјите од западен Балкан*, Брисел

Завод за платен промет (2000), *База на податоци за мали и средни претпријатија* 1999, Skopje

Закон за сметководство (Службен весник на РМ бр. 42/93, 48/93, 6/95, Уставен Суд бр. 247/95, 248/95, 271/95, 304/95, 3/96, 32/98, 39/99 и 70/01)

Закон за трговски претпријатија (Службен весник на РМ бр. 28/96 Амандмани објавени во Службен весник бр. 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 06/02 и 61/02)

Институт за препиремништво и раководење со мал бизнис (декември 2000), *Slovene Entrepreneurship Observatory 2000*, Марибор

Канцаларија за заштита на интелектуални права (2000), *Студија на податоци од анкетата на терен 571 претпријатие во Република Македонија во врска со активностите на проектот за формирање центар за технолошко набљудување*, Скопје.

Македонска банка за поддршка на развојот (2002, 2003, 2004, 2005, 2006 і 2007), *Годишен Извештај 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006 і 2007*, Скопје

Министерство за економија (2003) Серија на законодавни документи кои се однесуваат на претпријатијата, Скопје

Министертсво за финансии на Република Македонија (2003), Билтен 11-12, Скопје.

Народна Банка на Република Македонија (2004), *Годишен Извештај* 2003, Скопје.

Обсерваторија за МСП во Македонија (2002, 2003, 2004 і 2005), *Годишен Извештај* 2002, Скопје.

Обсерваторија на Европските МСП бр. 2 (2002), *МСП во Европа, вклучувајќи и првичен осврт на кандидатите земји за членство во ЕУ,* Луксембург.
OECD Конференција на министерствата за мали и средни претпријатија (2004), *МСП статистика: кон посистематски статистички мерења на однесувањето на МСП*, Истанбул.

OECD - EBRD (септември 2003), Југоисточен европски регион - *Регионална оцена на политиката за претпријатија,* OECD, Париз.

OECD - EBRD (октомври 2003), Р. Македонија - *Регионална оцена на политиката за претпријатија,* OECD, Париз.

Пендев, D. *et al*. *Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија* (2002), Економски Институт, Astra Art, Скопје.

Регионална агенција за развој на претпријатија, Прилеп, Истражување за МСП во регионот на Прилеп, Прилеп.

Руски истражен центар за МСП (2002), *Руски Извештај за Обсерваторијата на МСП 2001*, Москва.

SEED (2002), Побарувачката на услуги за развој на бизнисот на малите и средни пратпријатија во Македонија, Скопје.

Thuss, Holger J. (2003), Улогата на МСП во вкупната економија. 7-ми Форум на експерти во Македонија, Скопје.

ФИАС (2003), Административни процедури за бизнис во Македонија, Скопје.

Фондација за развој на претпријатијата во Македонија (2002),

*Активности за мали и средни претпријатија во Македонија*, Скопје.

Централен регистар (2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006 і 2007), *База на податоци за домашни сметки и правни лица* 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006 і 2007, Skopje.